МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 04-10/9
Датум: 10.09. 2024 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 10.09.24 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица Njësia Org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| | | | |

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, на ден _____2024 година, донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**за измена и дополнување на**
**Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини број 04-10/1 од 05.07.2024 година и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини бр.04-10/3 од 22.07.2024 година.

**Член 2**

Во Глава 8. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ, работи работното место под реден број 6.УПР0101Б01000 Државен советник за енергетика **се менува** и гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број | 6 |
| Шифра | УПР0101Б01000 |
| Ниво | Б1 |
| Звање | Државен советник |
| Назив на работно место | Државен советник за односи со јавноста и промоција на активностите на министерот |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Државниот секретар |
| Вид на образование | Високо образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Давање совети, насоки и мислења на министерот, заменикот на министерот и државниот секретар за најсложени прашања поврзани со односи со јавноста и промоција на активностите на министерот |
| Работни задачи и обврски | - Извршува најсложени работни задачи што бараат посебна самостојност и стручност а се однесуваат на односи со јавноста и промоција на активностите на министерот;<br>- Врши студиско-аналитички и стручно-оперативни работи во врска јавните настапи;<br>- Подготвува информации, анализи, извештаи и други писмени акти, подготвува белешки од работни средби и други протоколарни настани на министерот;<br>- Се грижи за дизајнот и ажурирањето на веб страната на министерството; |

| | |
|---|---|
| | - Учествува во изработка на предлог-стратегија за односи со јавноста и промоција на работата на министерството;<br>- Подготвува предлог соопштенија, информации и известувања за јавноста, предлог говори, експозеа;<br>- Подготвува аналитички и други информативни материјали потребни за јавен настап на министерот, заменик министерот и државниот секретар и<br>- Подготвува соопштенија, материјали за прес конференции, брифинзи и други форми на информирање на медиумите и јавноста. |

**Член 3**

Во Глава 1. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ, во СЕКТОРОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, кај работното место под реден број 230 УПР0101Б04000 Раководител на сектор за јавни набавки, видот на образованието се **менува** и гласи Високо образование

**Член 4**

Во Глава 1. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ, во СЕКТОРОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, кај работното место под реден број 231 УПР0101Б04000 Раководител на одделение за подготовка и поддршка на јавни набавки, видот на образованието се **менува** и гласи „високо образование".

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила по донесувањето врз основа на претходно добиена писмена согласност од Министерството за јавна администрација, а ќе се објави на веб страницата на министерството.

Министер за енергетика,
рударство и минерални суровини

Сања Божиновска

Подготвил: Горан Јовановски